# Искуствата на лицата со попреченост од учеството во изборниот процес во Македонија

- Извештај од спроведени фокус групи -

## Вовед

По завршувањето на предвремените парламентарни избори одржани на 11 декември 2016 година, проектниот тим на Отворете ги прозорците спроведе четири фокус групи со лица со различен тип на попреченост: интелектуална попреченост, оштетен слух, оштетен вид и телесна попреченост. Целта на ова мини-истражување беше да се добијат информации за искуствата на лицата со попреченост во врска со нивното учество во изборниот процес, како и да се сумираат нивните размислувања за можните подобрувања на инклузивноста на изборите.

Преку фокус групите беа опфатени 28 лица, од кои 13 од женски и 15 од машки пол. Возраста на учесниците се движеше од 18 до 38 години. Четирите фокус групи беа спроведени во Скопје. Начинот на спроведување на фокус групите беше прилагоден на потребите на учесниците. На пример, за групата со лица со оштетен слух беше ангажиран толкувач на знаковен јазик.

Мини-истражувањето е дел од проектот „Мојот глас се брои“, финансиран од програмата Цивика Мобилитас, чија цел е да се подобри инклузивноста на изборниот процес во Македонија.

Одржувањето на фокус-групите го подготвија и спроведоа одговорните соработнички Магдалена Димкова Велевска и Марија Велиновска, кои го подготвија овој извештај.

## Наоди и заклучоци од спроведените фокус групи

### I. Претходно искуство поврзано со изборните процеси

Дали досега сте гласале?

Најголем дел од учесниците на сите четири групи имаат искуство во процесот на гласање и претходно се вклучувале во изборните процеси.

Како исклучок, поголемиот дел од учесниците со оштетен слух беа млади и за прв пат се стекнале со право за гласање или го оствариле своето право на превремените парламентарни избори во декември 2016 година.

За оние кои гласале:

Како поминавте на претходното гласање? Дали се соочивте со некоја потешкотија? Дали некој Ви помогна при гласањето? Како избравте за кого ќе гласате? Дали изборот за кого гласавте беше Ваш личен?

Учесниците на фокус групите имаат релативно позитивни искуства поврзаните со учеството во претходните изборни процеси во земјата: Нивните родители се најчесто лицата кои им даваат поддршка, им помагаат да ги разберат потребните информации и им го објаснуваат процесот на гласање. Сите учесници истакнаа дека одлуката за кого ќе го дадат својот глас во претходните изборни процеси била лично нивна.

Сепак, и покрај тоа што поголемиот дел од учесниците претходно гласале, поголем дел од нив посочија и на потешкотиите со кои се соочувале:

Лицата со телесна попреченост истакнаа дека редовно се соочуваат со исти или слични проблеми, кои не се надминуваат со текот на времето: физичката непристапност на гласачките места, поставеноста на избирачките паравани и гласачките кутии бараат при гласањето или уфрлувањето на ливчето во кутијата да се стои и сл.

За илустрација, еден од учесниците забележа: „Тешко ми е да стојам на нозе и да гласам, постабилен сум кога седам, имам помалку тремор“.

Млада жена која користи инвалидска количка посочи „Иако имам прилагодено место за гласање како корисник на количка, имам потешкотија кога треба ливчето да го ставам во гласачката кутија, бидејќи таа не е поставена на соодветната висина.“

Лицата кои користат инвалидска количка велат дека кога изборите се во зима имаат потешкотии со подвижноста: „Ако е ладно или има снег, тешко ми е да ја буткам количката“.

Лицата со целосно оштетен вид ја посочија својата загриженост за соодветно забележан глас: „Слепото лице гласа со придружник и не секогаш сме сигурни дека придружникот го заокружил нашиот избор“.

За оние кои не гласале:

Која била причината зошто не гласале?

Учесниците кои не гласале на претходните избори, помал дел од вкупниот број учесници, не наведоа причини за негласањето кои се поврзани со нивната попреченост.

**II. Искуството при предвремените парламентарни избори 2016**

Дали гласавте на предвремените парламентарни избори 2016?

Најголем дел од учесниците на сите четири фокус групи истакнаа дека гласале на изборите кои се одржаа на 11 декември 2016 година.

Еден од учесниците со оштетен вид рече дека не му било овозможено избирачкото право бидејќи кога отишол да гласа го немало на избирачкиот список, иако претходно проверил на веб-страницата на Државна изборна комисија и бил наведен во списокот.

За оние кои гласале:

Како поминавте на гласањето? Дали се соочивте со некоја потешкотија? Дали некој Ви помогна при гласањето? Дали изборот за кого гласавте беше Ваш личен? Како избравте за кого ќе гласате?

Учесниците со интелектуална попреченост кои гласале беа единствени кои истакнаа дека не наишле на поголеми потешкотии при гласањето. Лесно знаеле на кој начин да го дадат својот глас поради тоа што на избирачкото ливче ги има симболите на партиите: „Лесно беше зашто имаше симболи на партијата“.

Останатите учесници кои гласале се соочиле со потешкотии за време на гласањето:

Учесниците со телесна попреченост посочија потешкотии да пристапат до местото на гласање: „Училницата во која требаше да гласам беше на првиот кат и мојата мајка мораше да ме извади од количката и со нејзина помош да стигнам до местото на гласање“.

Друга потешкотија е врзана со самиот процес на гласање, главно поврзани со висината на избирачкиот параван и потребата да се стои при регистрацијата на гласачите и самото гласање. Дополнително еден од учесниците забележа „Си носам пенкало од дома, зошто тоа не можам да го тегнам“.

Уфрлувањето на гласачкото ливче во кутијата за лицата кои користат инвалидска количка е исто така потешкотија – кутијата е превисоко поставена и тие не можат самостојно да го направат тоа и треба да побараат помош од друго лице да го стори тоа за нив.

Учесниците со делумно оштетен вид посочуваат дека имаат потешкотија да ги забележат сите броевите и текстот на избирачкиот список: „Не сум сигурен дека го заокружив бројот кој беше мој избор, бидејќи фонтот беше многу мал“.

Еден учесник со целосно оштетен вид посочи дека во избирачкото место каде што тој гласал комисијата и одборот не биле доволно информирани за начинот на гласање од страна на лице со оштетен вид: „Одборот во училницата не беше доволно информиран за правилото како гласа лице со придружник“.

Учесниците со оштетен слух се пожалија дека процесот на гласање не им бил целосно јасен: „Малку ми беше збунувачко“. Најчесто информациите поврзани со гласањето ги добивале од своите родители, но тоа не секогаш било доволно: „Јас бев со моите и гледав како прават тие. Нешто ми дадоа, па ми бараа, не таа рака, оваа, многу бев збунета“. Лицата со оштетен слух посочија дека не виделе на телевизија објаснување на процесот на гласање со толкувач на знаковен јазик на телевизија. Сепак, треба да се истакне дека поголемиот дел од вклучените лица со оштетен слух беа прилично млади и најголем дел од нив годинава станале полнолетни и за прв пат учествувале на избори.

### За оние кои не гласале:
### Која била причината зошто не гласале?

Мал дел од учесниците на фокус групите изјавија дека не гласале на предвремените парламентарни избори во декември 2016.

Една девојка со телесна попреченост посочи дека не била во можност да гласа од лични причини.

Младо момче со делумно оштетен вид кажа дека не успеал да гласа бидејќи го немало во избирачкиот список иако претходно го имало во списокот објавен на веб-страницата на Државната изборна комисија. Тој се сомнева дека неговата соработка со висок претставник од опозицијата, во рамките на граѓанското здружение во кое членува, е причината што го нема во гласачкиот список во избирачкото место.

Една девојка со интелектуална попреченост не била мотивирана да гласа: „Минатата година гласав, но џабе – ништо не се промени“.

Неколку лица со оштетен слух кои не гласале не веруваат дека со нивниот глас можат да променат нешто и не им било важно да гласаат: „И вака и така мнозинството одлучува“, „Сеедно, нема ништо да променам“.

### Дали имавте можност да дознаете што има во програмите во политичките партии? Кој Ви кажа? На кој начин одлучивте за кого ќе гласате?

Во однос на понудите на политичките партии, учесниците на фокус групите посочуваат дека најчесто до информации за партиските заложби доаѓаат преку телевизија и интернет. Тоа им помага да одлучат за кого да го дадат својот глас. Но забележуваат и дека информациите кои се споделуваат на телевизија или во пишаните материјали често им се неразбирливи и нејасни.

Во врска со програмите на политичките партии, учесниците со интелектуална попреченост посочија дека досега не сретнале програма на лесно читлив начин. Здружението во кое членуваат им помогнало да ги разгледаат партиските програми и им ги објаснило партиските заложби воопшто, не само оние кои се однесуваат на попреченост: „Мене ме интересира целата програма, не само делот за лица со попреченост“.

Ниту еден од учесниците со оштетен вид и со оштетен слух не прочитале ниту една од програмите на политичките партии: „Дома видов но материјалот не ми беше разбирлив"; „Текстовите не ни се доволно разбирливи, иако ги имаме достапни на компјутер ".

Лицата со оштетен слух посочија дека ретко можат да видат толкувач на знаковен јазик на некоја од емисиииите во кои се презентираат програмите на политичките партии или се дискутира за она што тие го нудат.

Сите учесници одлучуваат да го дадат свој глас на изборите врз основа на информациите за партиските програми. Едно младо момче со телесна попреченост го илустрира тоа: „Следам кој има подобар план за живот во Македонија".

## Дали сте политички активни?

Речиси ниту еден учесник не е политички активен, ниту пак членува во некоја политичка партија.

Како исклучок, едно лице со оштетен слух посочи дека учествувало на митинзи на една политичка партија во повеќе градови бидејќи „го викале", иако не бил член на партијата. Двајца учесници со интелектуална попреченост кажаа дека се членови на политичка партија, но по потпишувањето на пристапницата не биле активни иако добивале покани за состаноци и митинзи.

## Зошто не сте дел на политичка партија?

Дел од учесниците посочија дека во моментот немаат интерес да бидат дел од некоја политичка партија, но не ја искулучуваат можноста во иднина да бидат.

Дел од учесниците имаат потешкотија да добијат информација каде им се канцелариите на политичките партии: „Но ние не знаеме каде им се партиите за да отидеме; Кога би знаеле каде се, би отишол и би разговарал". Дел укажуваат на потешкотиите да пристапат до канцелариите на партиите: „Не можеме да бидеме активни, бидејќи канцелариите на партиите се непристапни, дел се на втор спрат, а нема лифт".

Еден учесник со оштетен вид посочи дека заради претходно искуство не сака повторно да биде дел од некоја политичка партија: „Јас сум бил активен, но сфатив дека само гледаат да го соберат нашиот глас и потоа ништо не прават за нас".

## Што сметате дека политичките партии треба да имаат во предвид кога комуницираат со лица со попреченост/кога бараат поддржувачи/гласачи со попреченост?

Учесниците на фокус групите велат дека пред се политичките партии треба да стапат во контакт со нив, директно да ги прашаат што им е потребно, да ги вклучат во процесот на планирање и изработка на програмите и да си ги исполнат ветувањата.

Учесниците со телесна попреченост им препорачуваат на политичките партии: „Да имаат трпение да не' сослушаат", „Да не не' гледаат како бројка, туку како личности кои можат да дадат свој придонес во општеството".

Учесниците со оштетен слух препорачуваат „Важно е секоја партија да го претставува тоа што го нуди", „Сите партии да имаат превод за сам да одлучам" и „Прво да знаат знаковен".

Учесниците со интелектуална попреченост посочуваат дека политичките партии треба да ги исполнат ветувањата како „Да не вработат"; „Да ни дадат слободни карти", „Да си ги исполнат работите што ги ветуваат"; „Да им се каже на партиите да не зборуваат дека нешто ќе направат и после да не го исполнат своето". Тие исто така ја истакнуваат потребата партиите почесто да остваруваат средби со нив.

## Препораки за подобрување на инклузивноста на изборниот процес

Учесниците на фокус-групите имаа можност самите да предложат решенија и можни подобрувања на инклузивноста на изборниоте процес и самото гласање:

| **На кој начин самиот изборен процес и гласањето можат да бидат подобрени?** | | | |
|---|---|---|---|
| **Општа препорака** | | | |
| Институциите и политичките партии да воспостават практики на директна комуниукација и консултации со лицата со попреченост за сите општествени прашања, а особено за прашањата од особен интерес за лицата со попреченост. Впрочем, според мотото на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост – „Ништо за нас без нас“. | | | |
| **Препораки до Државната изборна комисија и другите надлежни јавни институции** | | | |
| **Лица со телесна попреченост** | **Лица со оштетување на видот** | **Лица со оштетување на слухот** | **Лица со интелектуална попреченост** |
| Да се обезбеди целосна физичка пристапност на гласачките места<br><br>Да се обезбедат пристапни гласачки паравани<br><br>Пенкалата на гласачкиот параван да бидат обезбедени со подолга врвка<br><br>Гласачки кутии да бидат поставени на соодветна висина за лицата кои користат инвалидска количка<br><br>Да се воспостави систем на електронско гласање | Да се обезбедат релјефни гласачки ливчиња со покрупен фонт<br><br>Да се обезбедат гласачки ливчиња напишани на Браево писмо<br><br>Регистрацијата на слепите гласачи на гласачкото место да се врши со факсимил или електронски отисок<br><br>Гласачкото ливче да биде достапно во електронска форма на интернет<br><br>Да се користат специјални машини за гласање со слушалки<br><br>Гласачките одбори детално да се запознаат со процедурата на гласање на лице со придружник | Да се обезбедат објаснувања и информации за гласањето на знакеовен јазик<br><br>Да се обезбедат информации за резултатите од гласањето на знаковен јазик | Да продолжи користењето на симболите на политичките партии на гласачкото ливче<br><br>Да се користат фотографии на кандидатите на гласачкото ливче |
| **Препораки до политичките партии** | | | |
| **Лица со телесна попреченост** | **Лица со оштетување на видот** | **Лица со оштетување на слухот** | **Лица со интелектуална попреченост** |
| Целосна физичка пристапност на партиските канцеларии | Да се обезбедат изборни партиски материјали со покрупен фонт и со Браево писмо | Да се користат толкувачи на знаковен јазик при медиумските настапи на партиите и директната комуникација со гласачите | Да се презентираат партиските заложби преку лесно-читливи (easy to read) материјали |

Скопје, декември 2016 година

Магдалена Димкова Велевска
Марија Велиновска
Владимир Лазовски